# Зошто Буџетирање базирано на перформанси во РМ и во МТВр?

- **Да се подобри ефикасноста и ефективноста на јавните расходи**
- **Зголемување на транспарентноста и отчетноста на државните институции**
- **Зајакнување на процесот на стратешко планирање на државно ниво и на ниво на институции (интегриран процес на буџетирање и стратешко планирање)**
- **Поефикасно постигнување на целите на организацијата и правилна и рамномерна алокацијата на буџетските средства**
- **Зголемување на можноста за компарација на планираните активности со реализираните цели.**
- **Максимизација на резултатите и исполнување на што поголем број на цели со помалку средства (ресурси)**
- **На ниво на институции - Континуирано следење и контрола на постигнатите резултати, зголемување на задоволството на крајните корисници (граѓаните и одредени интересни групи)**
- **Поттикнување на соодветна јавна и научна дебата за резултатите и ефикасноста на определени буџетски програми и активности**

# Како буџетирањето по перформанси ќе придонесе за подобрување на работењето во вашата институција?

- **Подобрување на конзистентноста на проектите, полесна координација помеѓу проектните департмани во рамки на министерството од една страна, и единиците за финансиски прашања и стратешко планирање од друга страна**
- **Појасна слика за трошоците потребни за реализирање на програмите, наспроти традиционалното буџетирање насочено кон максимизација на средствата**
- **Подобра хоризонтална и вертикална комуникација и соработка помеѓу организационите единици и соодветните институции со цел поефикасно остварување проектите и програмите на владата**
- **Би овозможило соодветен “feedback” за ефектите од реализираните проекти и активности на соодветното министерство.**

# Ризиците и пречки кои можат да го отежнат или спречат конкретното имплементирање на концептот

- **Долгиот период потребен за подготовка и имплементација на концептот на буџетирање базирано на перформанси**

- **Премногу комплексни и немерливи таргети кои би довеле до конфузија и би го преоптовариле со информации самиот систем**

- **Одредено ниво на отпор кај вработените во јавниот сектор за прифаќање на новиот концепт на работење**

- **Ризик од политичко влијание и пристрасност при процесот на евалуација на конретните мерки**

# Предлог чекори за имплементирање на концептот

- **Соодветна анализа на постоечкиот буџетски процес, со цел негово ефикасно поврзување со новиот концепт**
- **Градуален (фазен) пристап кон имплементација на концептот**
  - **парцијано да се имплементира во одреден број сектори (пилот проект во рамки на 2 буџетски години, со цел елиминирање на ризикот од пореметување на постоечкиот буџетскиот процес и реализацијата на целите на самите буџетски корисници).**
- **Концептот да се имплементира од долу-нагоре. Целите и таргетите да ги одредуваат раководителите на организационите единици во соработка со целните групи и крајните корисници на услугите (граѓаните)**
- **Единиците за финансиски прашања и стратешко планирање би биле координатори на целиот процес.**
  - **Дополнително креирање на работна група која би спроведувала неделни и месечни состаноци во рамки на буџетските корисници за координација при имплементацијата на концептот**
- **Министерството за финансии како координатор на процесот на владино ниво**
- **Соодветен начин на мотивација и едукација на вработените преку континуирани обуки во државите кои веќе го имплементирале новиот концепт, како и соодветни линиски работилници помеѓу институции кои го спроведуваат концептот во рамките на државата**